*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА*

*Број 11-878/2*

*Скопје,29.12.2005 година*

**ДО**
**ДЕМОКРАТСКАТА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Демократската Унија за Интеграција за 2004 година (во натамошниот текст ДУИ), кои се прикажани на страните од 6 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 и член 5 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија, како и согласно член 26 од Законот за финансирање на политичките партии.

3. Државниот завод за ревизија нема вршено ревизија, ниту има издадено било каков извештај за финансиските извештаи на Демократската Унија за Интеграција за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, се изготвени во согласност со прописите кои важат во Република Македонија и истите претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   › Г-дин Али Ахмети, претседател на партијата
   › Г-гин Абдулалим Касами, директор на партијата

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 17/10/2005 до 21/10/2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Бранислав Гулев, Помошник главен државен ревизор и Овластен државен ревизор;
   - Билјана Ивановска, Виш ревизор;

- Александар Ѓорѓиевски, Ревизор ;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето: дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со примената на законска регулатива, и тоа во делот на примените донации, видот на остварените приходи, финансирање на политичките партии и пописот на имотот со кој располагаат.

8. Финансиските извештаи, кои се предмет на овој извештај, се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија, со извршени рекласификации заради добивање на појасна слика, и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 10.1. Неправилности во примена на законските прописи

10.1.1. Политичката партија ДУИ нема доставено финансиски извештаи до Државниот завод за ревизија, согласно одредбите од член 27 од Законот за финансирање на политичките партии;

10.1.2. Политичката партија ДУИ, нема доставено попис на имотот до Државниот завод за ревизија, согласно одредбите од член 33 од Законот за финансирање на политички партии. Со увид во сметководствената евиденција, констатирано е дека истиот не е изготвен.

10.1.3. Не е изготвен регистар на донации, согласно член 17 од Законот за финансирање на политичките партии. Со увид во сметководствената евиденција, ревизијата ги утврди износите на одделните донации во текот на 2004 година.

10.1.4. Политичката партија ДУИ нема доставено квартални извештаи за добиените донации до Државниот завод за ревизија, согласно одредбите од член 25 од Законот за финансирање на политички партии.

**10.2. Неправилности во искажување на билансните позиции**

10.2.1. Заради пресметковен начин на евидентирање на расходите нереално е искажана загуба во износ од 17 илјади денари. Наведеното е спротивно на член 13 од Законот за сметководството на непрофитните организации;

10.2.2. Набавената опрема во вкупен износ 1,761 илјади денари не е евидентирана во сметководствената евиденција како зголемување на постојаните средства и изворите на средствата.

10.2.3. Со увид во сметководствената евиденција е констатирано извршување на судски решенија за обврски кои не се евидентирани во сметководството на политичката партија. Останатите неевидентирани обврски се приходувани со што се потценети обврските, а повеќе се искажани вонредните приходи за износ од 289 илјади денари. Ревизијата не обезбеди доказ дали сите неизмирени обврски од минатиот период се евидентирани и искажани во финансиските извештаи.

**Препораки и мерки:**

- Финансиските извештаи, согласно одредбите од член 27 од Законот за финансирање на политичките партии, да се доставуваат до Државниот завод за ревизија.

- Согласно член 13 од Законот за сметководството на непрофитните организации, политичката партија треба сметководството да го водат според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, што подразбира настанувањето на приходите и расходите да се признае во пресметковниот период во кој се остварени (наплатени), или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период. Исто така, согласно наведениот закон, обврските да се евидентираат во моментот на нивното настанување, а не во моментот на нивното плаќање.

- Политичката партија, согласно одредбите од член 17 од Законот за финансирање на политичките партии да изготви регистар на донации, а кварталните извештаи за добиените донации согласно член 25 од наведениот закон да се доставуваат до Државниот завод за ревизија.

- Политичката партија да формира комисија со цел да се изврши попис на средствата и изворите на средствата, а согласно одредбите од член 33 од Законот за финансирање на политички партии, да се достави до Државниот завод за ревизија.

1. Набавените постојани средства да се евидентираат во сметководствената евиденција како зголемување на средствата и изворите на средствата.

Ревизијата смета за неопходно да ги обелодени следните информации:

- Според добиената изјава, политичката партија нема отворена сметка за изборната кампања за претседател на РМ, од причина што кандидатот Гзим Острени е пријавен како независен кандидат. Ревизијата не изврши увид во споменатата сметка бидејќи, согласно Законот за државна ревизија, не постои законска обврска да се врши ревизија на сметките отворени за независни кандидати, односно на жиро сметки кај други субјекти кои не се предвидени со Законот. Дополнително е добиена потврда број 07-70/2 од 19/03/2004 година, изготвена од Државната изборна комисија, според која на барање на физичко лице како претставник на Г-дин Гзим Острени, се одобрува отварање на жиро сметка на независниот кандидат Гзим Острени, со назнака „За изборна кампања“.

- Државниот завод за ревизија дополнително се обрати до Советот за радиодифузија, со писмо број 11-779/1 од 07/11/2005 година, со цел да се добијат информации за обемот на финансиските средства за организација на изборната кампања и медиумските активности за вонредните претседателски активности во 2004 година, при што со одговорот број 03-2548/2 од 10/11/2005 година е добиен Билтенот број 15, изготвен од Советот за радиодифузија, во кој детално е обработена темата „Електронски медиуми и претседателските избори во 2004 година“, во која се дадени активностите на сите политички партии кои имаа кандидат за вонредните претседателски избори во 2004 година, со информации поодделно за секоја телевизиска и радио станица, преку платено политичко рекламирање, политички спотови, снимки од митинзи, дебатни емисии и други активности изразени во временска рамка (часови и минути). Според анализите искажани во наведениот билтен, политичката партија ДУИ учествувала во сите активности во вонредните претседателски избори.

  Имајќи ги предвид активностите наведени во Билтенот на Советот за радиодифузија, се доведува во прашање дали сите активности на политичката партија се искажани во сметководствената евиденција.

- Од политичката партија е добиена изјава според која:
  - Имотот, наведен во судската регистрација на ул Панче Неделковски број 47 во Скопје не е во сопственост на политичката партија. Партијата го користи и за истиот не плаќа надомест;
  - Имотот кој се користи за активностите на политичката партија во Мала Речица – Тетово, е во сопственост на физичко лице, и за истиот не се плаќа надомест.

11. Поради значењето на прашањата објаснети во претходните пасуси, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи.

12. Ревизијата е на мислење дека законската регулатива, пред се Законот за политичките партии, Законот за избор на претседател на Република Македонија, Законот за локални избори и Законот за државна ревизија, според кој не постои законска можност за продолжена ревизија, не воспоставија соодветни услови за поголема контрола во искажување на сите трансакции во сметководствената евиденција и финансиските извештаи.

**Скопје, 28/12/2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Бранислав Гулев**

____________________

## ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004 ГОДИНА

во 000 Ден.

| **ОПИС** | **Образло-жениja** | **2004** | **2003** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од услуги | | 0 | 313 |
| Позитивни курсни разлики | 3.1 | 9 | 13 |
| Приходи од членарини (придонеси), подароци и донации и приходи од други извори | 3.2 | 4,630 | 2,356 |
| Сопствени приходи | | - | 2 |
| Вонредни приходи | 3.3 | 289 | - |
| **Вкупни приходи** | | **4,928** | **2,684** |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 3.4 | 1,231 | 464 |
| Други расходи | 3.5 | 1,953 | 1,497 |
| Капитални и други средства | 3.6 | 1,761 | 723 |
| **Вкупно расходи** | | **4,945** | **2,684** |
| **Загуба** | | **(17)** | **0** |

Образложенијата дадени од страна 8 до 13 се составен дел на финансиските извештаи

## ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жениjа | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1** | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 7 | 984 |
| Непокриени расходи од тековната година | 4.1.2 | 17 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **24** | **984** |
| **Вкупна актива** | | **24** | **984** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2** | | |
| Добавувачи | 4.2.1 | 24 | 984 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **24** | **984** |
| **Вкупна пасива** | | **24** | **984** |

Образложенијата дадени од страна 8 до 13 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел: 3211-262, факс: 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------